# РЕГИОНАЛЕН БИЛТЕН

АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ:
КРАТОВО, КРИВА ПАЛАНКА, РАНКОВЦЕ И СТАРО НАГОРИЧАНЕ
Месец декември 2020




Здружение “Регионален центар за одржлив развој“ Кратово
Проект: “Ефективна локална самоуправа – интерес на граѓаните“ поддржан од програмата на Цивика мобилитас

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

**Здружението “Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово, во рамките на програмата на Цивика мобилитас за мали акциски грантови започна со имплементирање на проектот “Ефикасна локална самоуправа - интерес на граѓаните“ во време траење од 6 (шест) месеци завршно со 05.02.2021 година со вкупен буџет од 330.000 денари.**

**Соработници во проектот: Локални самоуправи и Совети на општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане; ЛАГ “Осоговски Лисец“ - Ранковце, ГО “Козјачија во срцето“ – Старо Нагоричане и ГО “Спектар“ од Крива Паланка.**

**Општа цел на проектот: Учество на граѓанските организации во креирање и донесување одлуки кон подобрени политики и практики на локално ниво.**

**Специфична цел: Зајакнување на степенот на соработката помеѓу ГО и ЕЛС преку транспарентно, отчетно и одговорно работење на Советите и општините Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Старо Нагоричане.**

**Проектни активности:**

**Спроведување на анкета за степенот на информирање на граѓаните за работата на Советите на општините;**

**Сумирање на резултати од анкета, подготовка на анализа, предлози и препораки до Советите на општините;**

**Мониторинг на работата на општинските Совети и покренати граѓански иницијативи;**

**Организирање на јавна дебата „Колку мојот советник ги застапува моите права“;**

**Организирање на работилница „Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики“;**

**Потпишување и дистрибуција на Етички кодекс за локални функционери;**

**Тековно информирање на јавноста за работата на општинските Совети, начинот на носење на одлуки и вклучување на јавноста во овој процес;**

**Отварање на Веб страна на здружението РЦОР Кратово;**

**Печатење на “Регионален билтен“;**

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

**Што е локален развој?**

Локалниот развој е процес на организирани, артикулирани и испланирани активности кои имаат за цел да го подобрат квалитетот наживотот на жителите на дадената заедница каде се имплементират активностите за локален развој.

Локалниот развој претставува се она што можат заедниците - општините да го направат за подобрување на нивната економија и социјалната благостостојба на нивните граѓани.

Процес во кој партнерите од јавниот (локалната власт), бизнис (претпријатијата), како и од

невладиниот сектор работат заедно со цел создавање подобри услови во заедницата

Економијата

Социјалата

Образованието

Културата

Спортот

Меѓуетничките односи

Меѓуконфесионалните односи и др.

**Стратешки план**

Стратешкиот план е алатка за ЕЛС и дава рамка и упатства за секторските планови и акционото

планирање.

Стратешкото планирање е аналитичен и креативен процес преку кој ЕЛС се подготвува себеси за иднината и да се однесува на оптимален начин.

Без стратешко планирање ЕЛС премногу лесно се грижи само за малите дневни работи и реалните можности не се употребуваат.

**Кој учествува во локалниот развој?**

Сите!!!!

Заинтересирани страни од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор

Зошто?

Резултатите од развојот (планиран или инцидентен) ги засегаат интересите на сите

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

**Модели на планирање**

Традиционален – централизиран

“Од горе на долу“ (Top down)

Тргнува од институциите и се спушта по хиерархија надолу

Најчесто одлуките се носат без консултација со пошироката јавност, а врз основа на постоечка документација и експертски мислења

Партиципативен – децентрализиран

“Од долу нагоре“ (Bottom up)

Тргнува од луѓето од заедницата

Ги зема во предвид сите нивни потреби и можности

Процес на консултации меѓу јавноста и институциите

Одлуките се донесени врз основа на информација и одобрение од јавноста - граѓаните

**Процес на партиципативно планирање**

Локалните заедници имаат можност да одлучуваат самите за себе

И се дава можност на локалната заедница (одредена група на граѓани, заинтересирана страна...) да биде активно вклучена во процесот на планирање и во процесот на донесување на одлуки.

Процесот на партиципативно планирања, како резултат дава можности и решенија за активно вклучување на локалната заедница (одредена група на граѓани, заинтересирана страна...) и во процесот на имплементација на одлуките.

**Учество**

Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ 4/2002) предвидува здружено учество во планирањето

Можност за вклучување на различни нивоа во процесот на донесувањето на одлуките

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

**Заедничко вклучување:**

Граѓански иницијативи
Неформални групи на граѓани
Здруженија на граѓани
Форми на учество на граѓаните во општините:
Граѓански иницијативи
Здруженија на граѓани
Референдум
Петиции и предлози
Јавни сослушувања
Анкети и предлози

**Принципи на партиципативното планирање**

Спремност и подготвеност на сите три сектори да го спроведат планирачкото учество;
Транспарентност во работата на општините, програмата и планирањето;
Непристрасност во односите меѓу јавниот сектор и заинтересираните страни;
Благовременост на партиципативните активности.
Иако сите принципи се во меѓусебна поврзаност, принципот на спремност и подготвеност - најважен
Имплементација на партиципативното планирање
Формирање на тим за планирање – менаџмент на планирањето
Генерирање информации – методи (одредување на потреби)
Анализа на информации (одредување на потреби)
Поддршка и промоција на процесот на планирање

**Менаџмент на планирањето**

Формирање на тим за планирање – менаџмент на планирањето
Основен предуслов за започнување на било каква посериозна активност поврзана со планирањето
Заедницата не може да планира доколку не е организирана, подготвена и водена низ процесот
Општините или заинтересираните страни го даваат предлогот за лица кои ќе учествуваат во тимот за планирање и истите го формираат

Тимот мора да има јасно утврдени цели
Членовите на тимот извршуваат различни работи кои заедно сочинуваат една целина
Координатор – менаџер на тимот – го координира и управува процесот на партиципативно планирање
Одговорен е пред општината (градоначалникот, одделение за ЛЕР или пред локалната заедница, здружение, сл...)

**Одредување на потребите на заедницата – генерирање информации – методи**

Анализа на постоечки информации (документи, стратешки планови, студии и сл.)
Истражување- се базира на информации собрани од од вкупното население
Клучен информатор -добивање информации од избрани преставници
Локални жители кои добро ја познаваат локалната средина и состојбите во неа
Зависи од изборот на клучниот информатор и неговите знаења

Процесот на номинална група - процес на разрешување проблеми или стратегија за генерирање на идеи. Идеите се собираат и комбинираат од поединци во релаксирана групна ситуација.

Делфи техника - стратегија за генерирање идеи; не побарува директна интеракција на учесниците, но може да се користи за работа во мали групи и воркшоп средини. Поструктурирана отколку процесот на номинална група и користи низа прашалници и резимирани повратни извештаи по претходните одговори.

**Одредување на потребите на заедницата – Генерирање информации – методи**

Форум на локална заедница - се базира на организирање на една или повеќе јавни средби на кои граѓаните се поканувaат со цел да ги изразат своите ставови по однос на локалните проблеми и потреби.

Интервју со фокус група - структуиран групен процес кој се користи за добивање детални информации за конкретна тема. Корисен за испитување на ставови и мислења и за извлекување на конкретни теми кои можеби не му се познати на истражувачот.

Советодавни комитети и работни групи – се користат и собираат поради разни причини - за претставување на ставовите и идеите на локалната заедница, одредена група или организација, давање сугестии, предлагање нови идеи, давање овети или препораки или, пак, за вршење специфична задача.

Регионален центар
за одржлив развој
Кратово

CIVICA MOBILITAS
Citizens for change!

**Совет на општина Кратово**

Претседател на Советот е: 1. Слободан Постолов – СДСМ; 2. Влатко Постолов – СДСМ; 3. Златко Стојановски – СПМ; 4. Ранко Арсов – СДСМ; 5. Тодорче Кировски – СДСМ; 6. Наташа Митевска – ЛДП; 7. Сања Милевска – СДСМ; 8. Драган Зафировски – ВМРО-ДПМНЕ; 9. Горан Ристовски – ВМРО-ДПМНЕ; 10. Томче Димитровски – СДСМ; 11. Свете Стојмановски – СДСМ; 12. Габриела Илиевска – СДСМ; 13. Даниела Николовска – СПМ; 14. Владо Захариевски – СПМ; 15. Сашка Милошева – СПМ;



"Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на здружението "Регионален центар за одржлив развој" Кратово и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат"

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!